**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-241/10**

**Скопје, 10.07.2006 година**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските трансакции извршени преку депозитната сметка на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ) за 2005 година, кои се прикажани на страна 7.

2. Ревизијата на финансиските трансакции од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија за 2004 година која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија и не се издадени извештаи за финансиските трансакции на депозитната сметка на Министерството за транспорт и врски.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Џемали Мехази, министер за транспорт и врски.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија остав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Снежана Лулевска, Самостоен ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските трансакции на депозитните сметки од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење дали е остварено законско и наменско користење на средствата на депозитната сметка.

8. На ден 26.06.2006 година примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските трансакции

на депозитната сметка на Министерството за транспорт и врски за 2005 година, под бр. 02-11613/2, од министерот за транспорт и врски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:

- Забелешката која се однесува на наодот во точка 8.3.3. ал 8 се прифаќа, поради доставување на дополнителни докази во забелешките, и наодот се брише.
- За забелешката која се однесува на наодот во точка 8.3.3. ал 10 ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ (копија од договор кој не е потпишан од договорните страни) како основ за негово прифаќање поради што истата е одбиена.

9. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

9.1. **Неправилна примена на акти**

9.1.1. Во Министерството за транспорт и врски не е донесен интерен акт (упатство) за работа со депозитите за учество на јавно наддавање и начинот и постапката за плаќање на средства при отуѓување односно закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во согласност со одредбите од Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓувањето и давањето под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ, со цел да се избегне можноста од незаконско и ненаменско користење на средства.

**Препораки и мерки:**

1. Министерот да донесе упатство за начинот и постапката за работа со депозитите, а висината на депозитот да се утврди во законски пропис (Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓувањето и давањето под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ).

9.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

9.2.1. МТВ односно секторот за документирање и управување со градежно земјиште не води помошна евиденција (компјутерска или рачна) со податоци за сите учесници во јавните наддавања, ниту пак се води аналитика по правни и физички лица во сметководствената евиденција, во однос на уплатени, вратени и задржани депозити, уплатени средства на име посебни трошоци на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, уплатени средства по склучени договори за отуѓено и дадено земјиште под закуп и уплатници за платен данок на промет на недвижности. Неводењето на евиденција може да доведе до грешки при работењето кое што има влијание на износот на средства што се уплаќа во Буџетот по овој основ и на средствата на име на посебни трошоци на постапка кој е приход на МТВ.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во министерството да воведат соодветна ( сметководствена и помошна евиденција) согласно Законот за сметководство за буџетите и

буџетските корисници, заради правилно и навремено евидентирање на сите финансиски трансакции на депозитната сметка.

9.3. **Неправилности во искажувањето на приливот и одливот на средства:**

9.3.1. Со ревизијата на остварениот и уплатениот приход од отуѓување (продажба) и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, се констатира следното:

- Ревизијата не можеше да утврди колкав број на договори за отуѓување и давање под закуп на земјиште, по пат на јавно наддавање и непосредна спогодба, се склучени во текот на 2005 година и дали МТВ правилно, навремено и во договорениот износ ги насочило на средствата на уплатните сметки на Буџетот 840-6249 – приходи од промет на недвижности на Републиката и надоместок за стекнување на права за користење на градежно земјиште и 840-6345- надомест за пренамена и закуп на земјиште, поради невоведена помошна евиденција и необезбеден увид во договорите. Ваквиот начин на работење може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ. На ваков начин, субјектот го ограничуваше делокругот на испитување на ревизорот за давање на мислење за одредени состојби, спротивно на Законот за државна ревизија, според кој субјектот е должен да ја стави на увид целокупната документација. Истото не е направено и покрај доставеното писмено барање од страна на ревизијата.
- Во 2005 година воопшто не е пресметуван и наплатуван приход од закуп на градежно земјиште на кое се сместени времени објекти на физички и правни лица спротивно на Уредбата, со што не се остварува приход во Буџетот на РМ (поради несклучување и непродолжување на договори). Пример: Мобимак АД Скопје, Космофон АД Скопје, Електростопанство АД Скопје, за поставени објекти на градежно земјиште сопственост на РМ.
- Во изминатиот период во МТВ односно во секторот за документирање и управување со градежно земјиште не е извршена контрола на остварениот приход во Буџетот на РМ од продажба на градежно земјиште по основ на отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ од страна на Министерството за финансии, а не се вршени ниту внатрешни контроли (редовни и постојани) од вработени лица во самото Министерство во однос на остварениот приход по основ на трошоците на постапка, врз основа на договорите, што е спротивно на Законот за буџетите и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи (840-6249 и 840-6345). Согласно на ова, не е вршена ниту контрола на самиот начин и постапката на отуѓување и давање под закуп во смисла на правилно применување на одредбите од Законот за градежно земјиште и донесената Уредба. На ваков начин се остава простор за можност од злоупотреба при спроведување на постапките од страна на одговорните лица во министерството, како и остварување на помал приход во Буџетот на РМ.

9.3.2. Со извршениот увид во документацијата за одржаните јавни наддавања за отуѓување на градежно земјиште во 2005 година се констатира следното:



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

- Кај продажбата на градежно земјиште за парцелите во Штип, поради некомплетна и непотпишана документација (на листата на понудувачи нема потписи од двајцата понудувачи, цената кај сите продажби на јавното наддавање во сите случаи е зголемена само со 50,00 ден над почетната цена, а во листата на чекорно наддавање е напишана само цената на оној понудувач кој ја добил парцелата), ревизијата не можеше да потврди дали постапката е спроведена согласно законските прописи во смисла на учество на најмалку двајца понудувачи на јавното наддавање. Утврден е и случај на извршена продажба на земјиште на ДИЛ Петрол, ДООЕЛ Штип, по продажна цена во износ од 421 илјади денари, за која што на јавното наддавање се јавил само еден понудувач (утврдено според уплатениот депозит), спротивно на објавата дека јавното наддавање може да отпочне само со двајца понудувачи. Во спротивно не се врши јавно наддавање и продажба.

9.3.3. Со увидот во договорите за отуѓување и закуп на градежно земјиште, со јавно наддавање и по пат на непосредна спогодба, кои селективно и по избор на Секторот за градежно земјиште беа доставени на увид на ревизијата, се утврдени одредени слабости и неправилности што може да имаат за ефект помалку остварени приходи во буџетот на РМ, по следните основи:

- Кај одделни договори за отуѓување на земјиште со непосредна спогодба констатирани се случаи на продажба под најниската цена утврдена во табеларниот преглед што е прилог на Уредбата, без прецизирање на зоната во која се наоѓа земјиштето, со што се остварува помал приход во Буџетот на РМ, спротивно на чл 15 од Уредбата.
- Ревизијата неможе да утврди дали навремено се вршени уплатите во рокот наведен во договорот поради тоа што во договорите за отуѓување на градежното земјиште со непосредна спогодба не е внесуван датумот на склучување, односно накнадно се внесувани и заведувани договорите за да не се надмине рокот за уплата. Не постои редослед во заведениот број на договорите и не се знае колку договори се издадени.
- Кај одделни договори менуван е датумот на склучување на договорот со цел да се запази рокот за уплата наведен во договорот (обично е даден рок од 8 дена). Кај одделни договори уплатата е ненавремена после рокот утврден во договорот (по неколку месеци закаснување). Согласно чл 7 од договорот, доколку субјектот не ги исполни условите во чл 3, 4 и 5 се смета дека купувачот се откажал и договорот е еднострано раскинат. Ваква постапка не се применува од страна на МТВ, иако е предвидена во договорот.
- На барање на ревизијата да се достават на увид одделни договори во врска со извршени уплати (14 на број) за отуѓување на земјиште со непосредна спогодба на сметка 840-6249, приходи од промет на недвижности на Републиката и надоместок за стекнување на права за користење на градежно земјиште, по прегледот добиен од МФ, од секторот се обезбедени само 3 договори со непосредна спогодба. Кај нив е утврдена ненавремена уплата на продажната цена после рокот утврден со договорот (рок од 8 дена), односно уплатата е извршена после неколку месеци, што е спротивно на договорот и Законот за облигациони односи.
- Во случајот со извршената продажба на земјиште по пат на објава со јавно наддавање, за што склучен е договор од 2002 година со Техника, ДООЕЛ Струмица и извршена уплата на 31.05.2005 година на

остатокот од продажната цена во износ од 4.014 илјади денари на сметката за приходи наплатени од органи, се констатира дека МТВ за одредени субјекти со договорот дава можност за плаќање на рати односно во моментот на склучување на договорот платен е износ од 210 илјади денари, а после 3 години остатокот. На ваков начин спроведена е постапка која ги става во нееднаква положба останатите учесници на јавното наддавање со тоа што понудува највисока цена за да го добие земјиштето, а го плаќа после 3 години.

- Средствата од наплата на депозити по основ на отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање се остваруваат со примена на проценти според површината на земјиштето, на основица утврдена според почетната цена на јавното наддавање, кои не се уредени со посебен акт на министерот, ниту е донесено упатство за начинот и постапката на работа со депозитите.
- Согласно договорите за отуѓување на градежно земјиште, а врз основа на Законот за инвестициони објекти и Законот за облигациони односи, во случај кога купувачот не започнал со градба во предвидениот рок (6 месеци по добивањето на одобрение за градба) се смета дека се откажал од договорот и уплатените средства министерството треба да ги врати на купувачот, без надомест за камата. За следење на постапката и навремено преземање на утврдените активности МТВ нема обезбедено систем на интерни контроли со кои ќе ја следи изградбата на објектот поради што постои можност отуѓеното земјиште да се продаде на друго лице или да се изврши пренамена на истото. На ваков начин се овозможува изградба на објект спротивно на урбанистичкиот план на градот.
- Не е презентирана одлука на Владата на РМ за исплата на долг по постигнати спогодби со АД Макпетрол за експропријација и дислокација на бензинска пумпа, за извршената исплата на надоместок за дислокација на пумпата на вкупен износ од 24.696 илјади денари, а договорот за постигната спогодба е потпишан од раководителот на секторот за документирање и управување со градежно земјиште, наместо министерот.
- Ревизијата неможеше да утврди дали е пресметан данок на промет на недвижности и кој е обврзник за плаќање на истиот за продаденото градежно земјиште спроти НБМ за изградба на деловен објект во површина од 10.772 м кв бидејќи не е даден на увид договорот склучен со Веропулос, Скопје, кој што според уплатите изнесува 5.493.720 еур односно 336.216 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. МТВ во соработка со Министерството за финансии да превземе соодветни мерки (постојани и редовни контроли) и воспостави процедури со цел јавните приходи по основ на: отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, редовно и навремено, да ги уплатува на уплатните сметки за јавни приходи, согласно Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи.
2. Во секторот за документирање и управување со земјиштето да се воведе евиденција на сите склучени договори по хронолошки редослед на издавање и истите по потпишувањето од министерот да бидат архивски заведени.
3. Да обезбеди систем на интерни контроли со кои ќе се врши контрола над спроведените постапки на отуѓување и давање под закуп, во согласност со


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

одредбите од Уредбата, а посебно дали се исполнуваат условите за продажба со непосредна спогодба согласно дадени во Уредбата.

4. Да се следи изградбата на објектот во согласност со намената за која е купено земјиштето, согласно објавата за продажба и склучените договори.

10. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 9, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на пресметаните и наплатени приходи од отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, што е приход на Буџетот на РМ, поради необезбедени мерки и процедури за контрола на остварувањето на јавните приходи од страна на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии.

11. Според наше мислење, кај Министерството за транспорт и врски – депозитна сметка, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

12. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на Министерството за транспорт и врски по претходниот ревизорски извештај за 2004 година не се преземени препораките и мерките дадени за отстранување на констатираните неправилности.

**Скопје, 10.07.2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ НА ДЕПОЗИТНАТА СМЕТКА 696-11 ВО 2005 ПО ОДДЕЛНИ ОСНОВИ

**во 000 денари**

| Опис | 1/1/2005 | Должи | Побарува | 31.12 2005 |
|---|---|---|---|---|
| **Прилив на средства** | | | | |
| Почетна состојба | 0 | 0 | 0 | |
| **Уплатени депозити и надоместоци** | | | | |
| Уплата на депозити по објава од 24.05.2005 година | | 26.415 | | |
| Уплата од продажба на градежно земјиште на 13.07.2005 година | | 191.799 | | |
| Уплата на средства по завршена постапка на продажба на градежно земјиште | | 329.953 | | |
| Уплата од продажба на градежно земјиште на 13.07.2005 година | | 5.823 | | |
| **Вкупен прилив на средства** | **0** | **553.990** | **0** | **553.990** |
| **Одлив на средства** | | | | |
| Повраќај поради повторување на постапката | 0 | 0 | 191.799 | |
| Вратени депозити намалени за трошоците на постапка | | | 18.487 | |
| Пренос на средства по основ на трошоци на постапка на сметка 631 – приход на МТВ | | | 1.320 | |
| Пренос на средства во Буџетот на РМ | | | 336.561 | |
| Вратени депозити намалени за трошоците на постапка | | | 648 | |
| Пренос на средства по основ на трошоци на постапка на сметка 631 – приход на МТВ | | | 51 | |
| Пренос на средства во Буџетот на РМ | 0 | 0 | 5.124 | |
| **Вкупен одлив на средства** | **0** | **0** | **553.990** | **553.990** |
| **Вкупно** | **0** | **553.990** | **553.990** | **0** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 1104-241/2***
***24.08.2006 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за транспорт и врски за 2005 година бр. 02-13698/2 од 09.08.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точите 9.3.3. ал.9 од Конечниот Извештај на Министерството за транспорт и врски – депозитна сметка, **не се прифаќа.**

2. Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Министерството за транспорт и врски –депозитна сметка, поднесен е приговор бр. 02-13698/2 од 09,08,2006 година во кој дадените забелешки на наодите од Претходниот извештај ги задржува како приговор на Конечниот извештај до Главниот државен ревизор.

Образложението за неприфаќање на наведените точки од приговорот е следното:

1. Забелешката на наодот во точка 9.3.3. алинеја 9 од Конечниот извештај, а која се однесува на непрезентиран договор склучен со Веропулос, ДООЕЛ Скопје, кој што според уплатите изнесува 5.493.720 еур односно 336.216 илјади денари поради што ревизијата неможеше да утврди дали е пресметан данок на промет на недвижности и кој е обврзник за плаќање на истиот, **не се прифаќа**, од причини што дополнително дадениот договор за отуѓување на градежното земјиште со јавно наддавање, склучен на ден 26.09.2005 година, доставен како прилог кон забелешките, не е потпишан ниту од продавачот - Република Македонија претставувана од Министерот за транспорт и врски, ниту пак од купувачот Веропулос, ДООЕЛ Скопје, поради што ревизијата не можеше да го прифати како веродостоен документ.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 24.08.2006 година**

**Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**